

# Baumit Baumacol Proof

Течна хидроизолација




**Предности**

- **Еластична**
- **Бесшебни и без фуги**
- **За внатрешна употреба**

**Производ** Водоотпорна, без растворувачи, без фуги и бесшевни, течна хидроизолација.

**Состав** Акрилатна дисперзија на водена основа, без растворувачи.

**Својства** Еднокомпонентна, трајно еластична, заптивна фолија, спремна за употреба - може да се нанесе со ваљак или глетарка.

**Аплицирање** Само за внатрешна употреба. За хидроизолација без споеви против слободно течење на вода, директно под керамички плочки во влажни простории, туш кабини и бањи.

**Технички податоци**

| Производ | |
|---|---|
| класификација: | DM |
| норма: | EN 14891 |

| Варијанта(и) | Baumacol Proof 7KG | Baumacol Proof 25kg |
|---|---|---|
| потрошувачка | прибл. 1.5 kg/m²/mm | прибл. 1.5 kg/m²/mm |

**Облик на испорака** Канта 7 kg, 1 палета = 85 канти = 595 kg
канта 25 kg, 1 палета = 24 канти = 600 kg

**Складирање** На суво и заштитено место од мраз, на дрвени решетки, во неотворена оригинална амбалажа - околу 12 месеци.

**Гаранција за квалитет** Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции** Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.



**Baumit Dooel**
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Подлога**

Подлогата мора да биде сува, цврста, отпорна на мраз, носива, стабилна во форма, без прашина, без остатоци од масноти и масла, вклучувајќи ги и маслата за оплата, без лабави и распаѓачки честички, и да ги исполнува барањата на тековно важечките стандарди.

**Погодно за нанесување на:**

- бетон
- гасбетон
- цементни и анхидритни кошулици
- малтери на база на цемент
- гипсени производи
- цврсти пенасти плочи
- полиестерски
- плочки

**Не е применливо:**

- во вода под притисок, на пр. базени
- во надворешни услови, на пр. балкони и тераси

**Подготовка на подлогата**

Преостанатата влажност на подлогата не треба да надминува 2,5%.
Сите впивливи подлоги се премачкуваат со прајмер Baumit. Прајмерот се нанесува на целата површина со валјак, четка или распрскувач и се остава да се исуши околу 15-30 минути (до 1 час). За невпивливи подлоги се користи Baumit SuperPrimer, кој се остава да се исуши најмалку 1 час (површината не треба да биде леплива на допир).

**Обработка**

Материјалот се нанесува директно од кофата, со помош на соодветен валјак во рамномерен слој, без непокриени површини, по целата основа. Потребни се минимум две нанесувања со валјакот! За да се постигне поголема сигурност на покривање, се препорачува да се нанесе во три слоја! Мора да се дозволи доволно време на сушење помеѓу поединечните слоеви (обично мин. 3 часа). Во пределот на премините помеѓу „ѕид-ѕид“ и „ѕид-под“ се нанесува заптивна лента Baumacol StrapPlus. Во пределот на сифоните се нанесува сифонски прстен (кој може да биде дел од нивната опрема или да се купи одделно), а во случај на дренажни цевки - заптивен прстен.

**Напомени и општи информации**

Почитувајте ги стандардите, упатствата и техничките информации поврзани со подлогата и премазот. Не работете на температури под +5°C или над +30°C, како и на директна сончева светлина или провев, и заштитете го премазот на соодветен начин додека фолијата за запечатување не ја добие потребната цврстина!

- Високата влажност и ниските температури го продолжуваат времето на сушење, соодветно, високите температури го забрзуваат процесот на лепење и стврднување!
- Не додавајте други производи!

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



**Baumit Dooel**
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk